**Барање:**

Дали станот бр. 13 на ул. Филип Втори Македонски бр.19, 7000 Битола, кој првично беше во сопственост на ЈНА, е во ваша сопственост?

- Доколку станот бр. 13 не е во ваша сопственост, дали е предаден на друга институција, продаден или на друг начин отуѓен? Доколку е отуѓен, со кој правен акт ( купопродажен договор, одлука, акт за пренос или друг документ)?
- Кој е актуелниот сопственик на станот според вашите евиденции?

**Одговор:**

Станот на ул. Филип Втори Македонски (по старо Иван Милутиновиќ) бр.19 стан 13 во Битола, потекнува од станбениот фонд на поранешна ЈНА и истиот со Одлука на
Влада во 2012 година е предаден на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Репубиликата –Скопје, кое согласно Закон за домување е задолжено за стопанисување и водење на **единствена** евиденција на становите во Република Македонија.

Во прилог Ви доставуваме:

1. Преглед на стан
2. Записник за примопредавање на документација за воени станови на РМ
3. Пропратен акт до АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Репубиликата

**Прилог бр.1**: Преглед на стан

**Прилог бр.2**: Записник за примопредавање на документација за воени станови на РМ бр.17/1 – 384/1 од 24.10.2012 година.

**Прилог бр.3:** Пропратен акт до АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Репубиликата бр. 17/1 – 384/2 од 01.11.2012 година.

Во врска со дополната на вашето барање Ве известуваме за дека сите воени станови од Станбениот Фонд на поранешна ЈНА, кои не беа отуѓени/откупени, со Одлука на Влада во 2012 година, бевме задолжени целата документација да ја предадеме на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење на Републиката- Скопје, кое согласно Закон за домување е задолжено за стопанисување и водење на единствена евиденција на становите во Република Македонија. Со Записник за примопредавање на документација за воените станови на РМ-Министерство за одбрана се предадени на АДИССДП- Скопје. Да напоменам, становите не се предадени физички, освен документациски и тоа за некои имаше документација а некои само евиденција на список.

## БИТОЛА

| ед р. | Име и презиме ЕМБГ | Адреса на стан | Структура Површина | Решение договор | Предлог од надлежен орган | Решение од Комисија на Влада | Забелешка | Бр на досие |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 123. | Ванчевска Љубица (Стево) | И. Милутиновиќ бр. 19/13 | 0,5 30,30 | | | | Станот не е откупен не плаќаат станарина Консултација со станар од ст.7 | |
| 124. | Нада Христова - Горгиева | И. Милутиновиќ бр. 54/3 | 3 82,81 | | | | Судски спор за пренос на СП | |
| 125. | Тони Јовевски | И. Милутиновиќ 76/9 | | | | | Бесправно вселен, поднел барање за додела, дасе побара мислење од СБИР | **116** |
| 126. | | Ц. Василев 2/1-2 | | | | | по евиденција непродаден Ромео пола откупен преку ЈП | |
| 127. | Каранфиловска Зорка | Кочанска 6/2-11 | 3 65,55 | | | | доставено до МТВ | |
| 128. | | Питу Гулу бр. 38/2 | | | | | по евиденција непродаден | |
| 129. | Лазовски Родни | Питу Гули бр. 40/1-18 | 1 31,81 | | | | Доставен до МТВ | **160** |
| 130. | Швигир Славко | Питу Гули бр. 40/2-36 | 1 31,81 | | | | Изготвен договор за купопродажба , се чека потпис од министер за МТВ 08.12.2005 (одплатен преку МТВ) | **52** |
| 131. | Илов Душан | К.Охридски 20/1-9 | | | | | со усна согл. На коман. Панде Петровски | |
| 132. | Борисов Тони | Климент Охридски бр. 20/1-10 | 2 | | | | со писмена согласност на командантот Пане Петрески | **56** |
| 133. | Николовски Бранко | К.Охридски 20/2-19 | | 106-3 | | | решение има од ВП 3375, договор за користење нема | **29** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА VIII СКОПЈЕ

24. 10. 17/1-384/1 12

# ЗАПИСНИК

## За примопредавање на документација за воените станови на РМ-Министерство за одбрана на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија

Записникот е изготвен на 24.10.2012 година, во просториите на РМ-Министерство за одбрана, Сектор за недвижности и услуги во присуство на членовите на Работната група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на Министерството за одбрана и тоа од РМ-Министерство за одбрана:

-**Ружица Јанева**, Одделение за градежно обезбедување, Сектор за недвижности и услуги,

-**Горан Лазаревски**, Одделение за градежно обезбедување, Сектор за недвижности и услуги,

од Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија:

-**Александар Ѓорѓиоски**, Подружница Скопје, Сектор за стопанисување со станбен и деловен простор

-**Зоран Бјекиќ**, Подружница Скопје, Сектор за продажба на станбен и деловен простор.

Согласно Заклучокот на Владата на Република Македонија по точка 92 усвоен на педесет и петата седница на Владата одржана на 10.04.2012 година со Решение број 02-3059/1 од 30.05.2012 година формирана е Работна група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на РМ-Министерство за одбрана.

Членовите на Работната група ја попишаа расположивата документација на РМ-Министерство за одбрана за воените станови на образец **„преглед на документација во станбено досие“** на **вкупно 352** (тристапедесетидве) досиеа, составен дел на записникот, кои се предаваат и се доставува **Прегледот на станови во евиденцијата на РМ-Министерство за одбрана** од кои 252 (двестапедесетидва) станови во Скопје и 233 (двестатриесетитри) во градовите и местата во Република Македонија **вкупно 485** (четиристотиниосумдесетипет), станови, составен дел на записникот.

За разликата во бројот на становите, прегледот на документацијата во станбеното досије и во Прегледот на станови во евиденцијата на станови во евиденцијата на РМ-Министерство за одбрана во времето на увидот и попишувањето за која не е пронајдена соодветна документација, доколку се пронајде друга документација за воените станови и се достави бараната документација за станови за кои се водат судски постапки во РМ-Министерство

за одбрана од Правен сектор во РМ-Министерство за одбрана, истата дополнително ќе биде доставена на Акционерското друштво.

Записникот е составен во 8 (осум) примероци.

| ПРЕДАЛЕ<br>РМ-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА: | ПРИМИЛЕ<br>АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РМ |
|---|---|
| -Ружица Јачева, Сектор за недвиж.и услуги<br>____________________ | Александар Ѓорѓиоски, Подружн. Скопје<br>____________________ |
| -Горан Лазаревски,Сектор за недвиж.и услуги<br>____________________ | Зоран Бјекиќ, Подружница Скопје<br>____________________ |

Доставено до:
-Одделение кабинет на министерот
-АДИССДДП НА РМ
-Државен секретар во РМ-МО
-Членови на Работна група
-Архива

НЕКЛАСИФИЦИРАНО

Република Македонија
**Министерство за одбрана**

Број 17/1-384/2
Датум 01. 11. 2012год

До:
**Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија**
**ул.„Орце Николов" бр.138**
**1000 Скопје**


Министерство за одбрана
на Република Македонија

Сектор за недвижности и
услуги

ул. Климент Охридски, бр 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 328 2574
Факс. (02) 328 2572
Е-пошта:
ime.prezime@morm.gov.mk
Сајт: www.morm.gov.mk


**Предмет:** Записник за примопредавање со Преглед на станови во евиденција на РМ-Министерство за одбарана, доставува.-
**Врска:** Решение број 02-3059/1 од 30.05.2012 година, од министерот за одбрана.

Во врска со Информацијата за продажба на становите во општестевна сопственост со предлог заклучоци, согласно заклучокот број 1 од Извадокот од Нацрт-записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 07.02.2012 година, под број 41-195/1, и Заклучокот на Владата по точка 92 усвоен на педесет и петата седница на Владата одржана на 10.04.2012 година Ве известуваме за следново:

Со решение на министерот за одбрана број 02-3059/1 од 30.05.2012 година, формирана е Работна група за попишување и примопредавање на документацијата за воените станови на Министерството за одбрана на Акционерското друштво за стопанисување со стенбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија.

Работната група по увидот и попишување на расположивата документација на РМ-Министерство за одбрана за воените станови, изврши примопредавање на истата за што е изготвен Записник и Преглед на станови кои беа во евиденција на РМ-Министерството за одбрана и истите Ви ги доставува на понатамошна надлежност и постапување.

Прилог : Записник за примопредавање на документација за воените станови Број 17/1-384/1 од 24.10.2012 година
Преглед на станови во евиденција на РМ-Министерство за одбрана

Изработил: Горан Лазаревски
Одобрил: Зоран Диновски, раководител на Оддел
Согласен : Илми Селами

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
**Д-р Фатмир Бесими**

Доставено до:
-Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Република Македонија
-Одделение кабинет на министер
-Сектор за недвижности и услуги
-Архива